## ПОДОБРУВАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕТО

Оценувањето е еден од најважните процеси во наставата. Подобрувањето на оценувањето е со цел да се унапреди постојниот систем на оценување што ќе придонесе за оптимален индивидуален напредок на секој ученик.

1. Подобрувањето на оценувањето во училиштата се постигнува преку:
- воспоставување стандарди за оценување;
- обука на наставниот кадар;
- изготвување потребни стручни материјали;
- постојана стручна поддршка на училиштата во процесот на оценувањето;
- поврзување на училишното оценување со екстерното оценување.

2. Подобрувањето на оценувањето во нашето училиште ќе се постигне преку:
- обуки на наставниците;
- примена на изготвените стандарди за оценување;
- изготвување на критериуми за оценување за секој предмет и за секоја тема;
- изедначување на критериумите за оценување преку соработка во активот и изготвување стандардни тестови;
- придржување кон кодексот и правилникот за оценување;
- контрола на процесот на оценување.

За подобрување на оценувањето во наставниците следеа обука во рамки на Проектот за основно образование на УСАИД, компонента Унапредување на оценувањето на учениците, со која беа опфатени и средните училишта. Обуката опфати 30 наставници од училиштето во време траење од 4 работни дена.

За подобрување на оценувањето во нашето училиште се грижи раководството и сите наставници. Приоритетни задачи во процесот на подобрување на оценувањето се:
- десиминација на обуките за Примена на стандардите за оценување на учениците (која се одвива за време на зимскиот распуст на учениците);
- изготвување на критериуми за оценување по секој предмет;
- додавање на критериуми за оценување на секоја тема во тематските подготовки на наставниците;
- изготвување стандардизирани тестови за секој предмет (и секоја тема) во рамките на секој актив;
- почитување на Кодексот за оценување;
- почитување на Правилникот за оценување.

## КОДЕКС ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СУГС гимназија „Никола Карев“

### Директорот и стручните соработници

- да создаваат услови за правично и непристрасно оценување во училиштето;
- да спречува евентуална злоупотреба на резултатите од оценувањето во училиштето;
- да го заштитуваат правото на приватност во оценувањето;

- да обезбеди праведен и навремен процес на жалби во врска со оценувањето.

**Наставниците**

- да бидат непристрасни, објективни и позитивни;
- да им даваат поддршка на учениците во процесот на оценувањето;
- да ги оценуваат учениците според изедначени критериуми по исти предмети;
- да изработат и да ги применуваат критериумите за ученици со посебни потреби;
- да ги запознаат учениците и нивните родители со критериумите за оценување уште на почетокот од учебната година;
- да ги вклучат учениците во процесот на оценувањето;
- да им овозможат на учениците во текот на наставната година на различни начини да ги демонстрираат своите знаења;
- оценките да ги изведуваат јавно пред учениците;
- да го пофалуваат секој напредок на ученикот;
- да го следат ученикот во текот на наставата и навремено да го информираат класниот раководител;
- класниот раководител навремено да го информира родителот за постигнувањата на ученикот по сите предмети и да организира средба на родителот со предметните наставници по потреба;
- наставниците да разговараат со родителите на учениците и да им укажат на слабостите кои ги покажуваат учениците во текот на наставата;
- да одржуваат дополнителна и додатна настава според потребите на учениците;
- да бидат пример за учениците и да промовираат високи морални норми во процесот на оценувањето;
- да ги избегнуваат ситуациите кои може да претставуваат конфликт на интереси;
- да одбијат секаков вид поткуп и интервенција со цел да дадат оценка различна од заслужената;
- да ја почитуваат личноста на ученикот во процесот на оценување;
- да водат грижа за правата на ученикот и сознанијата за нивното учење да не ги споделуваат со лица кои не се дел од наставата;
- да соработуваат со колегите со цел да го подобрат учењето и оценувањето;
- да не прават дискриминација на учениците по кој било основ.

**Родителите**

- да го поддржуваат учењето на своите деца преку залагање за праведно оценување;
- да не преземаат мерки и активности кои неоправдано би ги довеле нивните деца во повластена положба во однос на другите ученици;
- кај своите деца да поттикнуваат чесен и праведен однос во врска со постигнувањата и оценувањето;
- да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца;
- да не се залагаат нивните деца со недозволени постапки да добијат поповолни оценки од објективно утврдените;
- навремено да се информираат за постигнувањата на своите деца и да преземаат активности со кои ќе го подобрат учењето кај своите деца.

– да бидат пример на своите деца во почитување на личноста, авторитетот и одлуките на наставникот

**Учениците**

– да се залагаат за праведно оценување на сите ученици;
– да бараат да бидат информирани за критериумите за оценување уште во почетокот на учебната година;
– да земаат учество во изработката на критериумите за оценување на нивните постигнувања;
– да ги почитуваат договорените процедури во врска со оценувањето и да се информираат за последиците од непочитување на правилата;
– да не поставуваат неприфатливи барања во врска со оценувањето на нивните постигања;
– да се спротивстават на појави кои доведуваат до неправилно оценување;
– да ги почитуваат советите и насоките на наставниците поврзани со оценувањето;
– да не се служат со недозволени постапки во текот на презентирањето на бараните знаења и вештини;
– да одбегнуваат да вршат какво било влијание и притисоци во процесот на оценување.
– Да бидат свесни дека иако постои посебна оценка за поведение, нивната редовност на наставата, однесувањето кон наставниците и соучениците влијае врз формирањето на сликата за ученикот.

## ИНТЕРЕН ПРАВИЛНИК ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СУГС ГИМНАЗИЈА „НИКОЛА КАРЕВ“

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот, постапката и критериумите за оценување на успехот на учениците по наставните предмети и однесувањето.

### Оценување на учениците по наставен предмет

### Член 2

Оценувањето е континуиран процес кој опфаќа активности на следење и вреднување на на работата и постигањата на учениците во текот на целата учебна година. Оценката треба да биде:

– објективен начин за напредување на учениците во совладување на наставниот план и програма;
– редовно да го известува ученикот за постигањата;
– да поттикне активен однос спрема наставата и другите воспитно-образовни облици за работа и учење;
– да го оспособи ученикот за објективна проценка на сопствените постигања и постигањата на другите ученици;

– да ја покаже ефикасноста на работата на наставниците и училиштето во целина.

**Член 3**

Критериумите за оценување на учениците се темелат на стандардите за оценување и ***Блумовата таксономија***:

Наставникот при определување на бројчаната оценка треба да ги има предвид:

- постигањата на ученикот во однос на **запомнување и репродуцирање** на наставните содржини;
- **разбирање/сфаќање** на обработени содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови;
- **примена** на наставните содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи и во други нови ситуации;
- повисоките интелектуални способности на **анализа, синтеза и вреднување** што подразбира способност на ученикот за средување, комбинирање на елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

Откако наставникот ќе ги согледа постигањата на ученикот на секое од наведените нивоа според стандардите за наставниот предмет (за секоја тема/подрачје) ја утврдува оценката на ученикот.

**Член 4**

Успехот на учениците во учењето се изразува со оценка: недоволен (1), доволен (2), добар(3), многу добар (4) и одличен (5).

**Член 5**

Оценка **недоволен (1)** добива ученик:

Знаењата на ученикот не ги задоволуваат основните критериуми потребни за позитивна оценка.

**Член 6**

Оценка **доволен (2)** добива ученик:

Знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот покажува одредени способности, знаењето да го искаже со свои зборови и да го применува знаењето на наједноставни задачи *(види графички приказ 1).*

**Член 7**

Оценка **добар (3)** добива ученик:

Знаењата на ученикот, покрај тоа што се однесуваат на запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, ученикот покажува способност за примена на знаењата за решавање на едноставни задачи *(види графички приказ 2).*

**Член 8**

Оценка **могу добар (4)** добива ученик:

Знаењата на ученикот се однесуваат на поцелосно запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини. Исто така, ученикот покажува способност за примена на знаењата за решавање на задачи од познати и нови

елементи, како и способност за средување и комбинирање елементи во нови целини *(види графички приказ 3).*

## Член 9

Оценка **одличен (5)** добива ученик:
Знаењата на ученикот се над 90% од содржините од наставната програма на ниво на запомнување, репродуцирање, сфаќање и разбирање. Ученикот може да ги применува знаењата за решавање на задачи со познати и нови елементи. Исто така, ученикот може да средува, комбинира елементи во нови целини и да покажува способност за вреднување на оправданоста или научност на некое тврдење или дело *(види графички приказ 4).*

## Член 10

Секој наставник треба да изработи критериуми за оценување за предметот што го предава во согласност со претходно наведените општи критериуми преземени од БРО.
Наставниците коишто предаваат исти предмети да ги усогласат критериумите за оценување за предметот.

## Оценување на учениците со посебни образовни потреби по наставен предмет

## Член 11

За оценување на учениците со посебни образовни потреби се изработува посебна образовна програма за секој предмет за секој ученик одделно. Во изработката на програмата учествуваат стручниот актив, предметниот наставник, педагошко-психолошката служба и родителот на ученикот.

## Постапка при оценување на учениците

## Член 12

Во постапката за оценување на учениците наставникот ја зема предвид личноста на ученикот, неговите општи и посебни способности, развојните карактеристики и условите во кои живее, односно стекнува образ0вание.

## Член 13

На почетокот од учебната година учениците и нивните родители се известуваат за начинот, динамиката, критериумите и елементите за оценување.
Оценувањето се врши на час и на испити.
Оценката е јавна и се соопштува на ученикот со образложение после секое одговарање, тест и внесување во дневник.
Ученикот на часот може да добие само една оценка.

**Член 14**

Оценката на ученикот е единствена и се изведува од податоците добиени со примена на повеќе методи на проверување во зависност од природата на предметот и тоа:

– **усно проверување** (усни одговори, усни презентации, дебати, дискусии и др.);
– **писмено проверување** (стандардизирани тестови, наставни ливчиња, писмени вежби, писмени работи, есеи и др.);
– **проверување на практични, графички и истражувачки работи** (лабораториски вежби, практична настава, работа на терен, проекти, ликовни изработки и др.).

**Усното проверување** на знаењата се врши редовно во секојдневната работа со учениците.

**Писменото проверување** на знаењата се врши по предмети за кои тоа е пропишано со наставниот план и програма.

Во текот на денот ученикот може да има само еднаписмена проверка на знаењата на часот (писмена работа, писмена вежба, тест на знаење, контролна задача и др.).

Во текот на една работна недела ученикот може да има **само две писмени проверки** на знаењата на часот (писмена работа, писмена вежба, тест на знаење, контролна задача и др.).

Извршување на **практичните работи** се оценува во рамките на практичната настава, вежби, графички и други практични работи и врз основа на изработена ученичка практична работа.

**Член 15**

Стручните активи треба да планираат методи што ќе се користат за оценување, усогласување на критериумите и формирање оценки, стручно усовршување за оценување и сл.

**Член 16**

Примената на различни методи за оценување на учениците за секој предмет се планира на почетокот од учебната година и се внесува во педагошката документација (писмена работа, тестови на знаење, писмени вежби, графички работи, домашни задачи, практични работи и сл.)

Методите и инструментите за оценување треба да се поврзани со целите и задачите на наставната програма.

**Член 17**

Во една оценка на резултатот треба да се опфатат само показатели за успешноста во постигањата на целите што се оценуваат. (Пр. Кога се вреднуваат постигањата на ученикот и се формира оценка по некој наставен предмет, не треба во формирањето на оценката да се земаат предвид однесувањата на ученикот или неговата мотивираност за учење.)

Некогнитивните цели на наставата (однесувањето, ставовите, мотивацијата и др.) кои не се експлицитно наведени во наставната програма по предметот, се оценуваат посебно и влегуваат во оценката по поведение. (Пр. Доколку заради

недисциплина ученикот добие пониска оценка, тогаш оценката станува инструмент за дисциплинирање на учениците).

## Член 18

На почетокот на учебната година или на наставна тема наставникот е должен да направи **дијагностички тест** со кој се проверуваат знаењата и способностите на ученикот кои ќе бидат вовед во нови наставни содржини. Резултатите не се оценуваат туку се користат за планирање на поучувањето.

Наставниците да користат формативно оценување за секоја наставна програма и оценката да не се сведува само од едно проверување или еден тест.

На крајот од секоја тема, полугодие и учебна година наставникот да применува сумативно оценување.

Да користи аналитичка листа за оценување на учениците при разни начини на оценување (усна презентација, писмени задачи, тестови и проекти).

## Член 19

На почетокот од наставната година учениците и родителите да се запознаат со начинот и критериумите за оценување на предметот и обемот на материјалот за кој ќе бидат оценувани во одреден период.

Наставниците да ги вклучуваат учениците во самооценување на сопствениот напредок.

Наставниците и учениците заедно да ги дефинираат критериумите за резултатите, а од учениците да се бара да го оценат својот труд.

Наставниците од учениците да бараат мислење како да се подобри учењето.

Наставниците да се непристрасни и праведни при спроведување на оценувањето.

Изведувањето на оценката да биде јавно пред учениците од паралелката или пред помала група ученици.

По завршување на усното одговарање наставникот е должен веднаш да ја соопшти оценката на ученикот со соодветно образложение, додека за писмените работи и други изработени работи наставникот ја соопштува оценката најдоцна за 10 работни дена.

На ученикот треба да му се овозможи увид во писмената работа, графичките и други изработки. При оценување на писмените работи и други изработки наставникот ја внесува забелешката во писмената работа, изработката или графичката работа со мастило во друга боја со цел ученикот лесно да ги согледа недостатоците во неговото знаење.

На барање на родителот наставникот треба да му овозможи увид во писмената работа најдоцна до 31 август.

Доколку ученикот покажува слаби резултати по еден или повеќе наставни предмети класниот раководител на паралелката е должен да го извести родителот.

Предметниот наставник е должен да му даде образложение на родителот за постигнатиот успех и да му даде сугестии за подобрување на успехот.

Родителот задолжително да се информира за постигнатиот успех на ученикот најмалку два пати во едно полугодие, а по потреба и повеќе.

**Член 20**

Доколку ученикот во текот на реализацијата на наставата покажува слаби резултати наставникот е должен да одржи **дополнителна настава** за учениците кои не ги постигнале основните знаења и вештини и истите да ги заведе во педагошката документација.

Доколку има ученици кои се заинтересирани за проширување и надградување на нивните знаења, наставникот е должен да одржува **додатна настава** и истите да ги заведе во педагошката документација.

**Член 21**

Предметниот наставник ја утврдува оценката и е одговорен за нејзината валидност.

Во случај кога при изведување на наставата или друга воспитно-образовна работа се вклучени повеќе наставници кои меѓусебно не можат да се договорат за оценката, конечно е мислењето на Советот на паралелката и Наставничкиот совет.

Оценката по наставниот предмет наставникот ја запишува во педагошката документација.

За дадените оценки на учениците наставникот го известува Советот на паралелката на тримесечје, полугодие и на крајот од наставната година.

**Член 22**

Наставникот кој реализирал **задолжителни програми и задолжителни активности** со учениците, нивните постигања ги следи и вреднува на следниот начин:

- ја следи редовноста и активноста на ученикот;
- ги евидентира изработените проекти, семинарски работи, практични работи, учество во дискусии, дебати, работилници и др.
- ги евидентира постигањата на учениците (нивото на знаење, вештини, способности, креативност, мотивација, индивидуален пристап и слично);
- формира мислење за односот на учениците во активностите (ниво на ангажирање, иницијативност, прифаќање иницијатива од друга група, барање на решенија, точност, истрајност и др.).

Наставникот врз основа на реализацијата на задолжителните програми и активности формира мислење кое го запишува во педагошката документација на крајот од првото полугодие и на крајот од наставната година.

Училиштето треба да ги информира родителите за незадоволителниот успех и постигањата во задолжителните програми и активности и да создаде услови истите да ги реализира до крајот на учебната година.

**Член 23**

Во текот на наставната година ученикот се оценува најмалку двапати во едно полугодие, ако предметот се слуша 3 или 4 часа неделно тогаш со најмалку три, односно четири оценки во едно полугодие.

За поголема оценка ученикот може да одговара повеќе од два, три и четири пати, но само еднаш во текот на еден час.

**Член 24**

Заклучна оценка за предметот утврдува Класниот совет на паралелката на предлог на наставникот на полугодие и на крајот од наставната година, а врз основа на оценките добиени во текот на учебната година.

Завршната оценка не се одредува секогаш со аритметичка средина и зависи од напредокот или падот на успехот на ученикот од почетокот до крајот на учебната година.

Завршната оценка на полугодие или на крајот од учебната година не може да се одреди врз основа на една оценка или само со една писмена проверка.

Ако Наставничкиот совет не ја прифати заклучената оценка на предметниот наставник, утврдува нова оценка со гласање.

Утврдената оценка се внесува во записник.

Кога ученикот има негативна оценка во текот на целата година, Советот на паралелката му утврдува негативна оценка и се упатува на поправен испит.

**Член 25**

На поправниот испит комисијата ја утврдува оценката по пат на гласање со мнозинство.

**Член 26**

Кога во педагошката документација оценката погрешно е впишана, се издава решение за исправка од страна на директорот на училиштето. По добивањето на решението оценката се поправа на начин на кој е договорено со педагошко-психолошка служба.